Согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) како и Член 57 став(3) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) Урбанистички проект со план за парцелација се изработува заради спроведување на планска документација УПС, со планот за парцелација може да се подели една поголема градежна парцела се согласно прописите и стандардите дефинирани согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Целта за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) е формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9, така што во рамките на едната градежна парцела ќе останат постоечките објекти и за истите ќе се дадат развојни парамтерти за идна градба, а во другата градежна парцела ќе се предвиди нова површина за градба со цел изградба на нов објект за потребите на општината и образовните интитуции во рамките на истата која ќе функционира независно од постоечките објекти.

Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) ќе се изработи согласно:
- Извод од УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)

При изработка на Урбанистичкиот проект со план за парцелација ќе се почитуваат збирните параметри за намената на земјиштето и објектите, површините за градење, процентот на изграденост и коефициентот на исокористеност и истите ќе се поделат во рамките на двете градежни парцели согласно потребите за идната градба.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Согласно УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) урбаните парамтери дефинирани за ГП Б.11.9 се:

Градежна парцела Б.11.9

Намена на градбата	В1 – Образование
Компитабилна класа на намена	Б1, Б4, В3, Д3 (20%)
Површина на градежна парцела	8365m²
Површина за градба	4099m²
Вкупно развиена површина	8198m²
Коефициент на искористеност	0.98
Процент на изграденост	49%
Катност	П+1
Кота на венец	8,50m
Број на паркинг места	за основно и средно образование 1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите.*

*согласно член 61 од Правилникот за стандарди и норамтиви за урбанистички планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11)

Согласно Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) урбаните парамтери дефинирани за двете нови планирани градежни парцели се:

Градежна парцела Б.11.9.1

Намена на градбата	В1.1 – Основно образование (основно училиште)
Компитабилна класа на намена	Б1, Б4, В3, Д3 (20%)
Површина на градежна парцела	1914m²
Површина за градба	880m²
Вкупно развиена површина	1760m²
Коефициент на искористеност	0.92
Процент на изграденост	46%
Катност	П+1
Кота на венец	8,50m
Број на паркинг места	1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите

Градежна парцела Б.11.9.2

Намена на градбата	В1.1 – Основно образование (училишна спортска сала)
Компитабилна класа на намена	Б1, Б4, В3, Д3 (20%)
Површина на градежна парцела	6451m²
Површина за градба	3219m²
Вкупно развиена површина	6438m²
Коефициент на искористеност	1.00
Процент на изграденост	50%
Катност	П+1
Кота на венец	8,50m
Број на паркинг места	1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

УРБАНИ ПАРАМЕТРИ НА НИВО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Површина на проектен опфат	8365m^2
Површина на градежни парцели: Б.11.9.1 и Б.11.9.2	8365m²
Површина за градба	4099m²
Вкупно развиена површина	8198m²
Процент на изграденост на ниво на проектен опфат	49%
Коефициент на искористеност на ниво на проектен опфат	0.98
Катност	П+1
Кота на венец	8.50m

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	8365m²
2	В1.1 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	8365M²
4	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	4099m²
5	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	8198m²
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	49%
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.98
8	КАТНОСТ	П+1
9	КОТА НА ВЕНЕЦ	8.50m

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Број на ГП	Намена на градба	Површина на градежна парцела (m^2)	Површина под градба (m²)	Градежна површина по етажи (m²)	Максимална висина до венец (m)	Коефициент на искорситеност	Процент на изграденост (%)	Бр.паркинг места
Б.11 .9.1	В1.1 - Основно образование (училишна спортска сала)	1914	880	1760	8.50	1.04	46	1 п.м на 3 вработени плус 10% за посетители
Б.11 .9.2	В1.1 - Основно образование (основно училиште)	6451	3219	6438	8.50	1.10	50	1 п.м на 3 вработени плус 10% за посетители
ВКУПНО		**8365**	**4099**	**8198**	**8.50**	**0.98**	**49**	**/**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ од Постојна и Планирана состојба (УПС и УП)				
		Постојна состојба	Планирана состојба (УПС)	Планирана состојба(УП)
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	8365m²	8365m²	8365m²
2	В1.1 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	8365m²	8365m²	8365m²
3	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	1322m²	4099m²	4099m²
4	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	1322m²	8198m²	8198m²
5	ПРОЦЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	16%	49%	49%
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.16	0.98	0.98
7	КАТНОСТ	П	П+1	П+1
8	ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ	Пост.	8.50	8.50

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќајно решение

Пристапот до новопланираната градежна парцела Б.11.9.1 е од планирана улица „1“ по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012), а пристапот до новопланираната градежна парцела Б.11.9.2 е од постоечка колско пешачка улица која се надоврзува на магистрална улица (регионален пат Борисово – Ново Село) по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)

Паркирање

Паркирањето е во градежна парцела, и на јавен паркиг планиран по УПС од западната страна на проектиниот опфат.

Нивелациско решение

Се почитува Нивелацискиот план на УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) и постоечката состојба.

3.3 Партерно решение со хортикултура

Уредувањето на градежната парцела е обврска на инвеститорот.

Тоа подразбира уредување со ниско, средно и високо зеленило, поплочени или асфалтирани пешачки патеки и паркинг простор, дефинирано место за корпа за отпад кое ќе биде лоцирано до влезот и лесно достапно за комуналните служби. Согласно член 20 став 1 од законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ бр.11/18 и 42/20) во градежната парцела е задоволен процент на застапеност на зеленило од 20%.

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Хидротехничка инфраструктура

Водоводна мрежа

Во градежната парцела Б.11.9.1 се планира водоводна мрежа и приклучок на водоводна мрежа кој ќе се поврзе на постоечката водоводна мрежа.

Градбите од Б.11.9.2 ќе го користат постоечкиот приклучок на водоводна мрежа

Фекална канализација

Во градежната парцела Б.11.9.1 се планира фекална канализација и приклучок на фекална канализација кој ќе се поврзе на постоечката фекална канализација.

Градбите од Б.11.9.2 ќе го користат постоечкиот приклучок на фекална канализација.

Атмосферска канализација

Отпадната атмосферска вода од сообраќајните и кровните површини ќе се дистрибуира во зелените површини во граница на проектниот опфат, се од изведба на улична атмосферска канализација при што истите ќе се дистрибуираат во неа.

Електро-енергетска инфраструкрура

Планираните градби ќе се приклучат на постоечката електро-енергетска инфраструткура согласно условите дефинирани од снабдувач на електрична енергија.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Телекомуникациска инфраструкрура
Планираните градби ќе се приклучат на постоечката телекомуникациска инфраструткура согласно условите дефинирани од телекомуникациските провајдери, а во согласност со условите дефинирани со Законот за електронски комуникации (Сл.весник на РСМ бр.9/2014,188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018).

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА

Согласно Член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) како и Член 57 став(3) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) Урбанистички проект со план за парцелација се изработува заради спроведување на планска документација УПС, со планот за парцелација може да се подели една поголема градежна парцела се согласно прописите и стандардите дефинирани согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Целта за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) е формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9, така што во рамките на едната градежна парцела ќе останат постоечките објекти и за истите ќе се дадат развојни парамтерти за идна градба, а во другата градежна парцела ќе се предвиди нова површина за градба со цел изградба на нов објект за потребите на општината и образовните интитуции во рамките на истата која ќе функционира независно од постоечките објекти.

Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) ќе се изработи согласно:
- Извод од УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)

При изработка на Урбанистичкиот проект со план за парцелација ќе се почитуваат збирните параметри за намената на земјиштето и објектите, површините за градење, процентот на изграденост и коефициентот на исокористеност и истите ќе се поделат во рамките на двете градежни парцели согласно потребите за идната градба.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Деталните услови за проектирање и градење важат за целата површина на проектниот опфат (градежни парцели Б.11.9.1 и Б.11.9.2).

Граница на проектен опфат на урбанистички проект
полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на проектен опфат на урбанистички план.

Границата на градежна парцела
регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела
ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежното земјиште.
Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела.
Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација,
Се означува со кирилична шифра (ознака за блок) и арапски цифри со еднозначен иденкс

Површина за градење
претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење.

Градежна линија
планска одредба која претставува граница на површина за градење.

Максимална височина на градбата
планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува :

- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот или тротоарот се совпаѓа со поставеноста на градбата изразена во метри

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Максимална височина на нултата плоча
однос на теренот за приземјето е 1,20 м

Видови на кровови
Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:
- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- мансарден покрив со максимален агол на косина од 60°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид.

Намена на земјиштето
подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
В1.1 - Основно образование

Процент на изграденост на земјиштето
(Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планирана изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Коефициент на искористеност на земјиштето
се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Оградување на градежна парцела
може да биде со транспарентна ограда со вкупна висина до 2,50 м со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 до 0,80м.

Напомена:
Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Напомена:
За сите парамтери кои не се дефинирани во деталните услови за проектирање и градење да се почитуваат одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Градежна парцела Б.11.9.1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за В1.1 - Основно образование

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- В1.1 - Основно образование (основно училиште)

Урбани параметри

Компитабилна класа на намена	Б1, Б4, В3, Д3 (20%)
Површина на градежна парцела	1914m²
Површина за градба	880m²
Вкупно развиена површина	1760m²
Коефициент на искористеност	0.92
Процент на изграденост	46%

Катност: П+1

Дозволена висина на градење: H=8.50 м

Висина и форма на кровна конструкција: Формата и висината на крововите се Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со макс. агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- мансарден покрив со макс. агол на косина од 60 °
- рамен покрив со макс. агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е проектирање на кровна завршница со декоративни елементи од архитектонски пластика кои не оформуваат корисен простор, доколку се планира потпокривен простор тој се смета како рамноправна спратна височина со останатите проектирани катови.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар.

Сообраќај: Пристап е од новопланираната градежна парцела Б.11.9.1 е од планирана улица „1“ по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)

Паркирање: е во градежна парцела и на јавен паркинг

– 1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите

Режим на градење под земја: Дозволено е градење во граница на градежната парцела. Надвор од површина за градење се дозволува планирање на подземно паркирање и помошни содржини и водење на инфраструктура во граници на градежна парцела.

Водови и објекти на инфраструктура: за потребите на градбата се планираат инфрастурктурни водови за приклучок на постојна и планирана инфраструткруа.

Начинот на обработката на партерот: колско-пешачки пристапи, паркинг простор, зеленило

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – В1.1 - Основно образование не се предвидуваат мерки за заштита на објектот.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Градежна парцела Б.11.9.2

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за В1.1 - Основно образование

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- В1.1 - Основно образование (основно училиште)

Урбани параметри

Компитабилна класа на намена	Б1, Б4, В3, Д3 (20%)
Површина на градежна парцела	6451m²
Површина за градба	3219m²
Вкупно развиена површина	6438m²
Коефициент на искористеност	1.00
Процент на изграденост	50%

Катност: П+1

Дозволена висина на градење: H=8.50m

Висина и форма на кровна конструкција: Формата и висината на крововите се Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со макс. агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- мансарден покрив со макс. агол на косина од 60°
- рамен покрив со макс. агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е проектирање на кровна завршница со декоративни елементи од архитектонски пластика кои не оформуваат корисен простор, доколку се планира потпокривен простор тој се смета како рамноправна спратна височина со останатите проектирани катови.

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар.

Сообраќај: Пристап е од новопланираната градежна парцела Б.11.9.1 е од планирана улица „1“ по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)

Паркирање: е во градежна парцела и на јавен паркинг

– 1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите

Режим на градење под земја: Дозволено е градење во граница на градежната парцела. Надвор од површина за градење се дозволува планирање на подземно паркирање и помошни содржини и водење на инфраструктура во граници на градежна парцела.

Водови и објекти на инфраструктура: за потребите на градбата се планираат инфрастурктурни водови за приклучок на постојна и планирана инфраструткруа.

Начинот на обработката на партерот: колско-пешачки пристапи, паркинг простор, зеленило

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – В1.1 - Основно образование не се предвидуваат мерки за заштита на објектот.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Врз основа на загрозеност на проектниот опфат, Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1.1 - Основно образование по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012) од природни катастрофи и елементарни непогоди може да настане повредливост на просторот и неговите физички структури. Повредливост на просторот се одразува на градбите и нивната околина. При градба треба да се заштити животната средина како и природното и културно наследство.

Животната средина

Основна намена на просторот во граници на проектниот опфат е В1.1 - Основно образование.

Водата, почвата и воздухот се едни од најчуствителните и најдолгомемориираните медиуми кој го паметат загадувањето и го рефлектираат во долг временски период во околината поради што треба најригорозно да се почитуваат и заштитат.

При планирање потребно е да се овозможат услови за заштита на почвата, водата, воздухот и да се обезбеди заштита од бучавата.

- *Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита*

Објектот ќе се приклучи на планирана фекална канализација.

Цврстиот отпад ќе се собира организирано со селекција за понатамошна негова рециклажа, а остатокот организирано да се прифати и да се депонира во најблиската санитарна депонија.

- *Аерозагадување и мерки за заштита*

Единствено загадување е од издувните гасови на моторните возила. За елиминирање на нивното штетно дејство ќе допринесе хортикултурно уредување на урбаната средина.

- *Извори на бучава и мерки на заштита*

Единствен извор на бучава во граници на проектниот опфат ќе преставуваат моторните возила за чие намалување ќе допринесе хортикултурно уредување на урбаната средина и употреба на градежни материјали кој ќе ја намалат бучавата..

Техничко-технолошки катастрофи

Во граници на проектниот опфат нема можност за технолошки катастрофи, со оглед на намената на просторот, В1.1 - Основно образование.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во граници на проектниот опфат нема радиолошката, хемиска и биолошки активност кој ќе влијаат на загрозување на проектниот опфат и неговата околина со оглед на намената на просторот, В1.1 - Основно образование.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Заштита и спасување

Повредливост од пожар

Примарен пристапот до проектниот опфат е од планирана улица бр.1 од југозападна страна на проектниот опфат, и од магистрална улица (регинален пат Борисово – Ново Село) од северна страна на проектниот опфат.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, проектниот опфат во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Струмица.

Инвеститорот на проектната документација за изградба на градби, е должен да изготви елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи доколку се градат објекти со намена В1.1 - Основно образование.

Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормален, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни матери, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на технички нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработка на техничка документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 93/12 и 41/14) и Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 32/11).

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарни возила до објекти. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарни возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарни возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно 6м за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а коловозна конструкција на пристапот да се димензионира на осовниски притисок од најмалку осум тони.

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Природни катастрофи

При планирање на просторот мора да се почитуваат природните сили: земјотрес, поплави, силни ветрови, снег, наноси, лавини, лизгање, одронување на терен и други природни сили кој можат да влијаат на безбедноста на просторот. За заштита од природните непогоди се преземаат низа мерки за нивно спречување при изработка на проектна документација на планираните градби и димензионирање на градбите од аспект:

- **Сеизмички ризик**

Според инженерско - геолошките услови, теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот. Од досега набљудуваните земјотреси, проектниот опфат се наоѓа во подрачје каде се очекуваат земјотреси со јачина од 5.5˚ до 6.0˚ по Рихтер, односно 8˚ по Меркалијева скала. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите градби.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичко проектирање. Пристапот до проектниот опфат е од планираната сообраќајна мрежа по УПС.

Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, се утврдуваат во рамките на системот за заштита и спасување кој се уредува со Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл.весник на РМ бр. 98/05).

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотоците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување на состојбите на водотоците и високите бранови, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество на санирање на последиците предизвикани од поплавата.

- **Метеоролошки ризик**

Се манифестираат како врнежи, град, луњи, ветрови и магли.

Како посебна мерка за заштита од силни ветрови е изборот на вегетацијата во градежната парцела.

Воени разурнувања

Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во, за тоа предвидените центри во согласност со:

Законот за одбрана (Службен весник на РМ, бр.185/11-Пречистен текст),

Законот заштита и спасување (Службен весник на РМ, бр.93/12 и 41/14),

Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, бр.29/05, 36/11 и 41/14).

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандарди и прирачни средства на местото на повредување – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 15 до 20 мин

Заштита при работа

Влијанија поврзани со работната сила се идентификувани во процесот на изградба на објектите и инфраструктура како влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците. Во процес на изградба тоа се несреќи на работно место.

Со цел да се минимизираат негативните влијанија врз работната сила ќе се преземат следните мерки за заштита:

- користење на современа опрема што ќе обезбеди сигурност и безбедност на работниците.
- ангажирање на квалификувани работници, како и нивна дополнителна обука.

Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидитет

Во третманот на пешачките површини, при поставување на урбана опрема и при дефинирање на влезови во градбите, истите не треба да претставуваат архитектонска бариера за движење на лица со инвалидитет.

Заштита на природно и културно историско наследство

Согласно дописот (бр.17-576/2 од 11.02.2025) од Управа за заштита на културно наследство, во граници на проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претствуваат културно наследство.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ
2. ЕЛБАОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
3. ИЗВОД ОД УПС

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/5-24 од 14.02.2025
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Jovanoski Cvetomir Digitally signed by Jovanoski Cvetomir
Date: 2025.02.14 11:44:58 +01'00'

EVN Group

Датум: 2/6/2025



Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 68417
Дата: 07.02.2025

До
ДОМИНГ ЈТД Радовиш
Ул.Илија Алексов ББ, 2420 Радовиш

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цоњиќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012), Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2025.02.07 12:44:28 +01'00'

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас
НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос
на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike
përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore
ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски
тел. 02 6090-137, 02
e-mail: contact@nomagas
www.nomagas
ЕМБС

Бр.-Nr. 08-444/2
31.01 2025 годиviti.
Скопје-Shkup

До: **Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 08-27/4 од 31.01.2025 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 08-27/4 од 31.01.2025 година, за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по [illegible] Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012).

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат [illegible] изградено ниту има планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
68417

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен сис[illegible]
Оливера Костанчева

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
07-02-2025 20-557/2
20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

До
ДОМИНГ ЈТД
ул. „Илија Алексов" бб.
2420 Радовиш

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис со 08-27/1 од ден 31.01.2025 година и број на постапка 68417 од Е-урбанизам со кој барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на **„ Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село (одлука бр.10-243/2 од 09.03.2012)",** Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Со почит,

Помошник Директор за пруги

Зоран Стојанов

Изработил: Емре Есад
Проверил: Ѓорѓи Пушев
Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

03 Февруари 2025

Архивски број: 09-20/3

ДО
ДГТИ „ДОМИНГ ЈТД“ Радовиш

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.08-27/4 од 31.01.2025 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Валандово информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде“ 66
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел.034328885
076 475429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и другинесреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели од ГП Б.11.9 со намена В1 - Образование и наука по УПС Колешино - општина Ново Село,** да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СТРУМИЦА
Овластено лице
Марјан Даутов

Marjan Dautov

Digitally signed by Marjan Dautov
